Врз основа на член 27 од Статутот на Приватното средно училиште Американска гимназија Скопје, а во врска со објавениот Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година во Американската гимназија Скопје (прв уписен рок) на ден 20.12.2024 година, во дневниот весник „Нова Македонија“, се врши следната

**ИСПРАВКА**
**на**
**Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година**
**во Американската гимназија Скопје**
**(прв уписен рок)**

Се врши ИСПРАВКА на Конкурсот за запишување ученици во учебната 2025/2026 година во Американската гимназија Скопје (прв уписен рок), објавен во дневниот весник „Нова Македонија“ на ден 20.12.2024 година, и тоа во првиот дел на Конкурсот каде зборовите „Приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје“ – Скопје (American High School Skopje) распишува Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година, со настава што се изведува на англиски јазик, и тоа за 25 ученици во прва година гимназиско образование во прв уписен рок.“ се менуваат и гласат:

„ Приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје“ – Скопје (American High School Skopje) распишува Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година, со настава што се изведува на англиски јазик, и тоа за 50 ученици во прва година гимназиско образование во прв уписен рок.“

Останатиот дел од текстот во Конкурсот, останува непроменет.

Американска гимназија Скопје
Трета Македонска Бригада 60, 1000 Скопје
+389 2 2469 993
+ 389 78 455103
info@ahss.edu.mk

Врз основа на член 27 од Статутот на Приватното средно училиште Американска гимназија Скопје и согласно Одлуката донесена на 11-та седница на Управниот одбор на ПСУ Американска гимназија Скопје, одржана на 19.12.2024 година, се распишува следниот

**КОНКУРС**

**за запишување ученици во учебната 2025/2026 година**

**во Американската гимназија Скопје**

**(прв уписен рок)**

Приватното средно училиште „Американска гимназија Скопје" – Скопје (American High School Skopje) распишува Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година, со настава што се изведува на англиски јазик, и тоа за 25 ученици во прва година гимназиско образование во прв уписен рок.

За учениците од втора, трета и четврта година од други средни училишта, кои сакаат да го продолжат своето образование во ПСУ „Американска гимназија Скопје" - Скопје, уписот ќе се врши врз основа на бројот на слободни места. Предност при уписот во училиштето за учениците кои ќе запишуваат погорна година, ќе имаат веќе запишаните ученици од ПСУ „Американска гимназија Скопје"- Скопје.

Доколку се пријават повеќе ученици од бројот предвиден во објавениот конкурс, по претходно мислење на Гимназијата, се применуваат дополнителни критериуми за упис. Како дополнителни критериуми се утврдуваат: дипломи од меѓународни и републички натпревари и испит на знаења.

Гимназијата, врз основа на претходна одлука на основачот, може да го зголеми бројот на ученици кои ќе се запишат во Гимназијата во учебната 2025/2026 година.

## I. УСЛОВИ:

За да стекнат статус на редовен ученик во прва година гимназиско образование во ПСУ „Американска гимназија Скопје" - Скопје, кандидатите треба да ги исполнат следните услови:

- да имаат завршено основно образование
- да не се постари од 17 години
- да имаат соодветно познавање на англиски јазик* (што се утврдува преку дипломи од завршени курсеви по англиски јазик, резултати од официјални положени тестови за познавање англиски јазик или врз основа на претходно образование).

*Во случај кандидатот да нема доказ за соодветно познавање на англискиот јазик, ќе биде спроведено интерно тестирање од страна на училиштето.

## II. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ:

- **Пополнета пријава за упис** (достапна во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје“)
- **свидетелства од шесто до деветто одделение**
- **извод од матичната книга на родените** (без оглед на датумот на издавање)
- **една мала фотографија** (5cm x 7cm)

Сите кандидати при аплицирање, односно при доставување на потребната документација за упис, ќе бидат интервјуирани од страна на соодветна комисија.

За рангирање и прием на кандидатите ќе одлучува Училишна комисија. Доколку оцени дека е потребно, Комисијата има право да побара од кандидатот дополнителна документација.

Учениците имаат право да се пријават и со дел од потребната документација за упис, со тоа што истата задолжително треба да ја комплетираат најдоцна до завршување на уписниот рок од точка III.

## III. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

**Пријавувањето на кандидатите во првиот уписен рок ќе се врши до 25.6.2025 година.**

Ако на конкурсот за упис во прва година, во првиот уписен рок останат непополнети места и/или се донесе одлука за зголемување на бројот на ученици, Гимназијата ќе распише Конкурс за запишување ученици во учебната 2025/2026 година, во втор уписен рок.

Документите се доставуваат во просториите на ПСУ „Американска гимназија Скопје“ - Скопје на адреса бул. Трета македонска бригада бр. 60, Скопје 1000, лично од страна на кандидатот, во присуство на родител/старател.

Заинтересираните кандидати можат да добијат информации за упис на следниот контакт:

Американска гимназија Скопје
Трета Македонска Бригада 60, 1000 Скопје
+389 2 2469 993
+ 389 78 455103
info@ahss.edu.mk